Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА НОСЕЊЕ ЛИЧНА ЗАШТИТА НА ЛИЦЕТО ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО, СУЗБИВАЊЕ НА ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID-19 И ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20), по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

„Член 5-а

Кога домашно или странско физичко лице, постапува спротивно на одредбите од член 2 став 1 од оваа уредба со законска сила, се издава прекршочен платен налог, согласно закон.“

**Член 2**

По членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

За прекршоците од членот 6 став 1 од оваа уредба со законска сила, кога сторител на прекршокот е домашно физичко лице, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршоците во Министерството за внатрешни работи.

За прекршоците од членот 6 став 1 од оваа уредба со законска сила, кога сторител на прекршокот е странско физичко лице, како и за прекршоците од членот 6 ставовите 2 и 3 од оваа уредба со законска сила, кога сторител на прекршокот е домашно или странско правно лице, односно одговорно лице во правното лице, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“

**Член 3**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-3703/1**
**5 мај 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**